**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 150.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 31.05.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Арун Ибраими-Заменик на директорот на МРТ и Иле Тримческки-Одделение за човечки ресурси МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,150.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 149.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информација и Одлука за прекин на работен однос поради стекнување право на старосна пензија на Заменик на директорот на МРТ.

3. Разгледување и усвојување на Правилник за измена на внатрешна организација на ЈРП МРТ.

4. Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 149.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 149.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде неколку помали забелешки по однос на текстот по Точка 2 од записникот.
По расправата записникот од 149.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со нотираните забелешки.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 149.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информација и Одлука за прекин на работен однос поради стекнување право на старосна пензија на Заменик на директорот на МРТ.**
Воведен и поздравен говор на почетокот од оваа точка имаше Заменик дирkеторот на МРТ Арун Ибраими, во кој изрази големо задоволство што овие години имал прилика и чест да соработува со членовите на Програмскиот совет на МРТ, и притоа им се заблагодари за досегашната соработка,и им посака здравје и успех во понатамошната работа.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац од името на сите членови на советот се заблагодари на заменик директорот на МРТ за досегашната одлична соработка, и истакна дека на членовите на советот им претставуваше задоволство овие години да соработуваат со него како заменик директор на МРТ, и му посака долго да ја користи пензијата и да ужива во пензионерските денови.
Од Одделението за човечки ресурси во МРТ беше добиена Информација во која се вели дека согласно известувањето на Заменикот на директорот на МРТ Арун Ибраими со број 04-2421/1 од 10.05.2021 година, како и согласно барањето од 149-та седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на ден 26.05.2021 година, Ве известуваме дека се исполнети условите согласно член 104 од Законот за работните односи, со кој е предвидено прекин на договорот за работа поради возраст на работникот.
Исто така од Одделението за човечки ресурси во МРТ пред членовите на советот беше доставена на разгледување и Одлуката за прекин на работен однос поради стекнување право на старосна пензија за Заменик на директорот на МРТ-Арун Ибраими.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Правилник за измена на внатрешна организација на ЈРП МРТ.**
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси во МРТ објасни дека Во насока на подобрување на квалитетот на известувањето и за модернизирање на работните процедури потребно е да се изврши внатрешна реорганизација на ЈРП МРТ, со воспоставување на Дневна програма во рамките на Првиот и Вториот програмски сервис, што одговара на највисоките стандарди во организацијата на програмската шема на јавните сервиси.
Со цел подобрување на квалитетот како и навременоста во пласирањето на информациите до гледачите пристапивме кон измена на Внатрешната организација на ЈРП МРТ со која е предвидено Одделението за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми во МТВ, Одделението за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми во МТВ2, Информативната програма на Првиот и Вториот програмски сервис како и Спортската програма на Првиот програмски сервис да се избришат, а се воведува Дневна програма во рамките на Првиот и Вториот програмски сервис. Дневната програма работите од својот делокруг ќе ги врши преку следните 4 редакции:Редакција за актуелности,Редакција за вести,Редакција за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми и Редакција за спорт.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија со прашање дали ова значи дека се додава помошник уредник,што значи дека дека се добива едно место плус,а во образложението тоа не се кажува и дали овие точки добија согласност предходно на седница на Надзорниот одбор на МРТ.

Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси во МРТ кажа дека кога ќе се отвори можност за тоа место ќе се побара согласност од надлежните министерства,и дека материјаливе од двете точки поминаа и добија согласност и притоа пред членовите ги прочита Заклучоцицте кои по двете точки беа усвоени на седницата на Надзорниот одбор на МРТ.
Членот на советот Ристе Панов посочи дека од оваа новина најмногу би ја потенцирал редакцијата за веб мултимедија и социјални медиуми која до сега беше фрлена некаде на страна и беше една голема слабост до сега на МТВ,а е една од најважните гранки за една телевизија, и кога ќе се стави во една дневна програма тука ќе се собираат сите акутелности и вести и ке може оваа редакција да биде директно вклучена во презентирање на самите овие вести, кои покрај на телевизија со ова ќе можат да се презентираат и на други платформи како на веб и социјалните медиуми.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац имаше неколку прашања и тоа: прво дали во дизајнот на оваа систематизација е земен за пример некоја систематизација од понапредните јавни сервиси за да се види таму како е сето тоа организирано,второ која е разликата помеѓу вести и актуелности и трето дали е ова по насока на вопоставување на еден деск информативен,бидејќи доколку значи тоа треба да го опфаќа и радиото што овде не е случај.
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси во МРТ одговори дека го работел само стручниот дел од аспект на одделението на човечки ресурси,додека за програмскиот дел треба да се побара одговор од директорот на телевизија.
Снежана Клинчарова посочи дека ова ние самите го поредвидовме во Петгодишната стратегија за развој на МРТ и може да се увиди дека остануваат истите вработени на истите работни места само со променети договори за работа со други имиња на редакциите,и самите ние предвидовме дека треба да има еден единствен декс и ова е само инплементација на стратегијата за развој и околу ова не треба да се прави некој проблем.
Анита Латифи укажа дека гледа проблем во образложението во кое ни се кажува дека нема да има финансиски инпликации со измената на систематизацијата,но веднаш може да се увиди дека ако нема сега во моментов ќе има подоцна односно при наредно барање за согласност ѐза ново работно место како помошник уредник.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за измена на внатрешната организација на ЈРП МРТ.
■**Правилникот за измена на внатрешната организација на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **4** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **8** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена на внатрешната организација на ЈРП МРТ **не е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ.**
Се констатира дека целата потребна расправа по оваа точка се содржеше во предходната,и поради тоа веднаш се премина на гласање.

Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ.

■**Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **4** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **8** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ **не е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По оваа точка Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац побара од службите одговор дали има пристигнато некоја од Информациите што беа побарани од предходните седници, и притоа беше добиен одговор од дека нема сеуште ништо.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија побара Информација за наредна седница дали снимателите во МТВ ја примаат платата по коефициентите кои се утврдени,и дали е релаизиран состанок со нив односно дали е постапено од Менаџментот на МРТ по нивните барања.

Седницата заврши во 12:40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател